МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

Врз основа на член 58 став (3) од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 161/19,) министерот за образование и наука донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ПЕДАГОШКАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА И ЕВИДЕНЦИЈА КОЈА СЕ ВОДИ ВО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ ВО КОЕ СЕ РЕАЛИЗИРА ИБ ПРОГРАМА

## Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на педагошката документација и евиденција која се води во основно училиште во кое се реализира ИБ Програма.

## Член 2

Главната книга на учениците во основното училиште во кое се реализира ИБ Програма се води по одделенија и содржи листови кои се во корици и се прошиваат со емственик од кои двата краја се потпечатуваат со црвен восок на внатрешната страница од задната корица на книгата.

Кориците на главната книга имаат темно црвена боја.

Главната книга на учениците се води на Образец бр. 1 со димензии 49 см х 34 см, кој е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

## Член 3

Дневникот на паралелката за прво до трето одделение во основното училиште во кое се реализира ИБ Програма се води на Образец бр. 2 со димензии 29 см х 35 см, кој е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

Кориците на дневникот имаат темно црвена боја.

## Член 4

Дневникот на паралелката за четврто до шесто одделение на основното училиште во кое се реализира ИБ Програма се води на Образец бр. 3 со димензии 29 см х 35 см, кој е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

Кориците на дневникот имаат темно црвена боја.

**Член 5**

Дневникот на паралелката за седмо до деветто одделение на основното училиште во кое се реализира ИБ Програма се води на Образец бр. 4 со димензии 29,7 см х 42 см, кој е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

Кориците на дневникот имаат темно црвена боја.

**Член 6**

Евидентниот лист за успехот на ученикот/ученичката од прво до трето одделение на основното училиште во кое се реализира ИБ Програма се издава на Образец бр. 5 со димензии 29,7 см х 21 см, кој е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

**Член 7**

Евидентниот лист за успехот на ученикот/ученичката од четврто до шесто одделение на основното училиште во кое се реализира ИБ Програма се издава на Образец бр. 6 со димензии 29,7 см х 21 см, кој е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

**Член 8**

Евидентниот лист за успехот на ученикот/ученичката од седмо до деветто одделение на основното училиште во кое се реализира ИБ Програма се издава на Образец бр. 7 со димензии 29,7 см х 21 см, кој е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

**Член 9**

Ученичка легитимација со постигнат успех на крајот на првото полугодие на основното училиште во кое се реализира ИБ Програма се издава на Образец бр. 8 со димензии 29,7 см х 21 см, кој е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

**Член 10**

Педагошката документација и евиденција на основното училиште во кое се реализира ИБ Програма се чува, и тоа:

- главната книга на учениците се чува трајно;
- дневникот на паралелката и ученичка легитимација со постигнат успех на крајот на првото полугодие се чуваат најмалку една година по завршувањето на школувањето на учениците во училиштето.

**Член 11**

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, освен одредбите од членовите 2, 3, 4, 5 и 9 од овој правилник, кои ќе отпочнат да се применуваат од учебната 2020/2021 година.

Бр. 18-1697/1
29 јануари 2020 година
Скопје

Министер за образование и наука,
**Арбер Адеми,** с.р.